Врз основа на член 39 од Статутот, а согласно Општите правила за организација на ЦИПС натпревари во спортски риболов, Управниот Одбор на Македонската Риболовна Федерација, ги донесе следните:

# ПРАВИЛА

## за натпревари во дисциплина „ХРАНИЛКА“(ФИДЕР) во Република Македонија

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овие правила се уредуваат: можноста на организирање, техничките прописи при спроведување на натпреварот, како и начинот на оценувањето на резулатите за дисциплина „хранилка (фидер)“ во спортски риболов во Република Македонија.

Под поимот „ хранилка (фидер)“ се подразбира „ловење на риби со јадица со хранилка“ (во понатамошниот текст „хранилка“) .

**Член 2**

Овие правила се применуваат на сите натпревари што се одржуваат во Р. С. Македонија во организација на Македонската Риболовна Федерација (во натамошниот текст МРФ), нејзините членки, спортско-риболовни здруженија или клубови (во натамошниот текст РЗК), како и сите други организации кои имаат право да организираат натпревари во спортски риболов, било да се првенствени или пријателски, со учество на домашни екипи и натпреварувачи или меѓународни, во поединечна и екипна конкуренција.

**Член 3**

Натпревар во спортски риболов во Р. Македонија може да организираат и спроведат РЗК (или организации) кои поседуваат решение за вршење дејност спорт, издадено од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот (Агенција за млади и спорт).

Во организацијата и спороведувањето на натпреварот, задолжително да бидат вклучени најмалку 2 (двајца) судии, со лиценца за тековната година за соодветна дисциплина.

**Член 4**

На натпревар во спортски риболов учество може да земе само спортски риболовец кој поседува спортска легитимација за тековната година.

По исклучок од став 1 од овој член, странските државјани, членови на странските екипи или натпреварувачи поединци, се идентификуваат со патна исправа.

**Член 5**

Натпреварите во дисциплината хранилка во Р. Македонија можат да се одржуваат во еден ден (како Куп натпревар), во два дена (како Државно првенство или Меѓународен Куп) и во повеќе дена или повеќе кола (како Лига натпревари), и тоа минимум во три кола.

### ПРАВИЛА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ

***ПАТЕКА***

**Член 6**

Патеката се поставува на реки, езера, канали, како и на други соодветни води, така што сите натпреварувачи да имаат приближно еднакви услови за риболов.

**Член 7**

Широчина на натпреварувачката патека (риболовната вода каде се одржува натпреварот) мора да изнесува најмалку 50 метри (без разлика дали е река или езеро).

Доколку на риболовната вода нема услови за исполнување на критериумот од став 1 од овој член, се прифаќа постоечка широчина на вода, но не помала од 30 метри.

Длабочината на водата на патеката несмее да биде поплитка од 1 метар.

На патеката несмее да има препреки, како што се електрични столбови, далекуводи, трафостаници и слично. Патеката несмее да се постави поблиску од 25 метра до електрични постројки.

**Член 8**

Натпреварувачките места, натпреварувачките боксови, стартните места (во понатамошниот текст „натпреварувачко место“) завземаат од 12 до 30 метри од бреговата линија.

Горенаведените димензии на натпреварувачките места можат да бидат корегерани во зависност од условите (конфигурацијата) на теренот.

Натпреварувачките места во една зона (сектор) треба да бидат споени, едно до друго, одделени со неутрална зона, видно обележана. Неутралната зона може да биде намалена дури и изоставена.

**Член 9**

Од брегот, зад натпреварувачите, се обезбедува заштитна зона од 10 до 20 метри, а не помалку од 8 метри, видно обележана, во која можат да влегуваат само судиите и капитените, само кај својот натпреварувач. (зона А)

Зад таа зона се обележува друга (втора) зона, со широчина од 1 до 2 метри. Истата е наменета за движење на службените лица на натпреварот и фотографите. (зона Б)

Зад втората зона дозволено е движење на сите лица кои имаат желба да го следат натпреварот, публика, новинари и сл. (зона В)

**ШЕМА: Изглед на боксот**




**Член 10**

Натпреварувачките места се обележуваат од 1 (еден) до X, зависно од бројот на натпреварувачи, а се поставуваат од долу па нагоре (возводно) на водите што течат и од лево на десно на мирните води.

Кај екипните натпревари се одредуваат зони според бројот на натпреварувачи од кои се составени екипите, така да во секоја зона има по еден натпреварувач од секоја екипа.

Зоните се обележуваат со ознаките А, Б, В и т.н.

Растојанието помеѓу зоните мора да изнесува најмалку едно натпреварувачко место.

Доколку има до 20 натпреварувачи во зона, зоната останува како целина.

Доколку во зона има повеќе од 20 натпреварувачи, истата се дели на две подзони. Ова важи и за натпреварите кои се одржуваат во поединечна конкуренција. Бележењето на патеката завршува најдоцна 75 минути пред првиот сигнал.

## *ПРИБОР, ОПРЕМА, ПРИХРАНА И МАМКИ*

**Прибор и опрема:**

**Член 11**

Потребен прибор за натпреварување е:

1. Риболовна трска по слободен избор, фидер, со спроводници, со заменлив врв и монтирана машинка, до максимална должина до 4,5 метри. Секој натпреварувач може да има неограничен број трски при рака, но за време на натпреварот може да лови само со една.
2. Конец најлонски по слободен избор, употребата на упреден конец е забрането. Дозволена е употреба на „шок лидер“ од упреден конец, но да не е со поголема должина од 10 метри**.**
3. Дозволени се сите хранилки изработени од метал, пластика или кој било друг материјал, без разлика од моделот (цилиндрични, правоаголни и сл.) кои имаат максимална должина од 7cm, ширина од 5cm и минимум тежина од 15 грама.
4. Хранилката може да биде од отворен тип („CAGE“, „OPEN END“, „BULLET“) или затворен тип („BLOCK END„ „MAGGOT„)

| **„OPEN END“** | **„CAGE“** | **„MAGGOT“** | **„BULLET“** | **„BLOCK END“** |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |

**Сл. 1- Хранилки дозволени за употреба**

5. Забрането е користење на „МЕТОД“, или „СО ГУМА“, „INLINE“, „SHOTGUN“, пловечки и неоптеретени хранилки и „ANTI TANGLE“ и слични цевки и монтажи. Хранилките „Метод“ се направени во различни форми и материјали. На овие хранилки може да се нанесе повеќе леплива храна и затоа е забранета за употреба. „Метод“ хранилка е исто така класичната спиралена хранилка.

| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  |  |

**Сл. 2- Хранилки забранети за употреба**

6. Дозволено е употреба само на една еднокрака јадица. Јадицата не смее да биде поголема од бр.10, а максималното растојание помеѓу вратот и врвот на јадицата не смее да биде поголемо од 7мм. Дозволени се јадици со или без контра.
7. Системот мора да биде монтиран така што од дното на хранилката, до јадицата, треба да има растојание од најмалку 50 cm, како што е прикажано долу на скицата,
8. Димензиите на чуварката мораат да бидат: пречникот не смее да биде помал од 40 см. кај кружниот отвор и 50 см. кај правоаголните отвори (правоаголниот отвор се мери дијагонално). Минимална должина на чуварката е 3 метри.
9. Подметнувач-црпалка (кепче) за вадењето на рибата од вода.
10. Справа за вадење јадицата од устата на рибата.

**Сл. 3- Правилно мотирање на системот за ловење**







**Прихрана и мамки:**

**Член 12**

Прихраната треба да се состои само од природни материи. Вкупно дозволено количество на прихрана, вклучувајќи и додатоци (земја, глина, пченица, пченка, адитиви и други додатоци кои не смеат да бидат штетни за флората и фауната на водата), е ограничено на 12 литри во влажна состојба.

За прихраната забрането е користење на:

- пелети, бојли, исецкано месо, сечкано сирење, храна за животни, храна за кучиња и мачки и слично.
- мелено месо од риби, како и нејзините делови, икра од риба и други животински видови (ракови, жаби и слично) како и нивни делови.

**Член 13**

Вкупната дозволена количина на живи мамки е 2,5 литри, од кои најмногу 0,5 литри фуи и вер де вајс, и тоа за прихрана и мамки заедно.

За ловење риба со јадица, техника на хранилка, дозволено е употреба на следните видови мамки; бели црви, пинки, кастел (зачаурен бел црв), фуи, вер де вас, дождовни црви, и други видови ларви, како и пченка, пченица и друга зрнеста храна.

За мамец забрането е користење на:

1. жива или мртва риба, делови од риба, икра и други видови на месо,
2. боили, леб, пелети, разни видиви на тесто, алги, разни пасти, пластични мамци и слично,
3. блинкер, воблер, вештачка мушика, како и имитација на икра, пелети, разни видови на црви, и инсекти и сите други видови на вештачки мамки изработени од секаков вид на синтетички материјал (стиропор, гума, сунѓер, силикон и слично).

**Член 14**

Секоја мамка мора да биде закачена директно на јадицата.

Систем на влакно, или лепење мамки околу јадицата е забрането.

Забрането е ловење на риба, со силно повлекување на јадицата низ вода, со цел присилно да ја закачи рибата.

**Член 15**

Прихраната и мамките пред контролата од страна на судиите мора да бидат одвоени во посебни садови, кои се обележени за нивниот волумен, од страна на производителот. По контролата, дозволено е мешање на прихраната и мамките.

## ПОДГОТОВКА ЗА НАТПРЕВАРОТ

### Тренинг на патеката

**Член 16**

Тренинг на патеката е дозволен во денот пред натпреварот. Истиот треба да заврши најдоцна до 16,оо часот (16 часа пред почетокот на натпреварот).

**Член 17**

Пред, или за време на натпреварот забрането е користење на алкохол или други опојни средства од страна на натпреварувачите, капитените и сите други службени лица на натпреварот.

Судиите доколку приметат користење на алкохол или други опојни средства, должни се лицето да го отстранат од натпреварот и да му изречат казна (санкција).

**Член 18**

Натпреварувачите и капитените се дожни да ги почитуваат правилата за натпреварот, во спротивно за секоја грешка ќе им биде изречена казна (санкција).

Несмеат на груб и навредлив начин да се однесуваат или обраќаат на судиите, делегатот, претставниците на организаторот, домаќинот, останатите учесници на натпреварот или публиката.

### Времетаење на натпреварот

**Член 19**

Времетраењето на натпреварот во дисциплината „хранилка“ изнесува вкипно 6 часа и 30 минути и се дели на два дела. Првиот дел е подготовка за натпревар и е со траење од 90 минути и вториот дел, ловењето на риба, кој трае 5 часа (или 600 минути).

**Член 20**

Времето од пристапот во натпреварувачкото место до завршувањето на ловот на риба, се дели на 6 (шест) дела, кои се означуваат со 7 (седум) звучни сигнали.

Сите сигнали мораат да бидат кратки и јасни. Во сите случаи се смета почетокот на звучниот сигнал.

Звучните сигнали означуваат:

1. ***Првиот сигнал*** означува пристап во натпреварувачко место;
2. ***Вториот сигнал*** означува 5 минути до почетокот на контролата на храната и мамките од страна на судиите;
3. ***Третиот сигнал*** означува почетокот на контролата на храната и мамките од страна на судиите;
4. ***Четвртиот сигнал*** означува почеток на обилно прихранување;
5. ***Петтиот сигнал*** означува почеток на ловењето на риба;
6. ***Шестиот сигнал*** означува 5 минути до крајот на ловењето на риба и
7. ***Седмиот сигнал*** означува крај на ловењето на риба.

### Пријавување на натпреварувачите

**Член 21**

Пријавувањето на екипите и натпреварувачите се врши согласно објавената програма за соодветниот натпревар.

Најдоцна 60 минути пред првиот сигнал, капитените (кај натпреварите во екипна и поединечна конкуренција) или натпреварувачите (кај натпреварите во поединечна конкуренција), пополнуваат пријава за учество на натпреварот.

### Извлекување

**Член 22**

Извлекувањето на броевите (редослед, зона и натпреварувачко место), кај натпреварите во поединечна конкуренција, го вршат натпреварувачите, а кај натпреварите во екипна конкуренција, капитените на екипите. Извлекувањето се врши најдоцна 45 минути пред првиот сигнал.

Кај поединечните натпревари со жрепка прво се одредува редоследот на извлекувањето, а потоа стартниот број.

Кај екипните натпревари со жрепка прво се одредува редоследот на извлекување, потоа зона за секој натпреварувач од екипата и последно стартниот број за натпреварувачот (по Бергерово правило, или со извлекување на однапред подготвена комбинација).

Кај натпреварите во два дена, за исти натпреварувачи да не паднат и вториот ден на првото и последното место во зоната (секторот), се применува следната постапка: Кога ќе се влече вториот ден, за натпреварувачките места во зоните (или за натпреварувачко место на цела патека, за натпревари во поединечна конкуренција), се вадат бројот од првото и последното место во зоната, се влече за натпреварувачите кои првиот ден биле на тие позиции, се враќаат топчината со првиот и последниот број и потоа се влече за останатите натпреварувачи во зона (или патека, во поединечна конкуренција).

**Постапка пред првиот сигнал**

**Член 23**

По извлекувањето на броевите на натпреварувачките места, натпреварувачите се упатуваат на истите. Опремата ја одлагаат до натпреварувачкото место и несмеат да влегуваат во истото.

Дозволено е влажнење и мешање на прихараната.

Не е дозволено подготовка на риболовниот прибор (трските, системите, врзување на јадици и слично) и подготовка на опремата (платформата, столчето, чуварката, црпалката и слично).

***СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ***

**Прв сигнал**

**Член 24**

Првиот сигнал означува почеток на подготовката. Подготовките натпреварувачот ги извршува сам, без помош од страна (освен припремата на прихраната). Во текот на подготовката ја подесува опремата, поставува платформа, го подготвува приборот, ги испробува риболовните трски и системите, ја мери длабочината, врши сондирање на дното каде ќе лови и слично.

Подготовката, од пристапот во натпреварувачкото место до почетокот на ловење риба трае 90 минути. На натпревари во организација на РЗК или пријателски натпревари подготовката може да се скрати на 60 минути.

**Член 25**

Дозволено е друго лице (капитенот) да ја врши подготовката на храната, надвор од натпреварувачкото место, најдоцна до третиот сигнал, проверка на храната и мамките.

**Член 26**

Натпреварувачкото место, натпреварувачот може да го користи за свои потреби по сопствена желба, при што несмее да прави бука или галама со што ќе им смета на соседните натпреварувачи.

Во неутралната зона помеѓу натпреварувачките места (доколку ја има), натпреварувачот несмее да влегува, да лови, ниту да прихранува.

За време на подготовката натпреварувачот несмее да влегува во вода.

**Член 27**

На натпреварувачот дозволено му е со прирачен алат да го исчисти натпреварувачкото место и самиот брег до водата, но несмее да го чисти дното, ниту да ја заматува водата.

Приборот во кој се подготвува прихраната несмее да се мие во вода.

**Член 28**

Натпреварувач може својата платформа, чии максимални дозволени димензии се 1м x 1м, да ја постави во права линија до водата или делумно во неа.

Предните нозе на платформата можат да бидат во вода, но предните нозе на столчето, на кое што седи натпреварувачот, мораат да бидат најмногу во линија со брегот (водата).

Може да се постави и дополнителна (помошна) платформа за разни материјали, прибор, мамки и сл. Истата не смее да биде поголема од главната платформа и може да биде најмногу во линија со неа (не смее да биде пред неа).

**Член 29**

Монтирањето на риболовните трски се врши по првиот сигнал. Само една трска може да биде завртена кон водата.

Сондирањето на дното се врши само со монтирано олово. Забрането е сондирањето на дното да се врши со хранилка.

**Втор сигнал**

**Член 30**

Вториот сигнал означува дека до проверка на прихраната, мамките и приборот има уште 5 минути. Вториот сигнал се дава 25 минути после првиот сигнал, а на пријателските натпревари, кога подготовката е скратена, 10 минути по првиот сигнал.

За ова време натпреварувачот е должен да ги подготви за преглед прихраната и мамките, и истите ги изнесе позади, до задната граница на своето натпреварувачко место.

Прихраната треба да биде во растресита и влажна состојба, во садови кои се обележени за големината на волуменот што го собираат, од страна на производителот. Исто така и мамките се прикажуваат во посебни кутии кои се обележени за нивниот волумен.

Храната и мамките несмеат да бидат измешани.

Дозволено е покрај прихраната и мамките натпреварувачот да има и адитиви (дипови, ароми и други додатоци кои го зголемуваат присуството на рибите по нивното додавање во прихраната или на мамките) во посебно пакување и да не се измешани со прихраната.

Дозволена количина на адитиви е 200 ml, максимално во 4 садови, кои мора да бидат покажани при прегледот од страна на судиите.

**Трет сигнал**

**Член 31**

Третиот сигнал означува почеток на проверката од страна на судиите. Третиот сигнал се дава 5 минути по вториот сигнал и 60 минути пред почетокот на ловење риба, а кај пријателските натпревари, кога подготовката е скратена, 15 минути по првиот сигнал и 45 минути пред почетокот на ловење риба.

Натпреварувачот треба задолжително да присуствува на проверката, а се до доаѓање на судиите продолжува да ги врши подготовките.

Проверката започнува од натпреварувачкото место број 1 и продолжува кон поголемиот број.

Судиите вршат проверка на: натпреварувачот, дали е на своето натпреварувако место кое му е одредено со жрепката, проверка на приборот за ловење, платформата, чуварката и останатата опрема, проверка на количината на прихрана и мамки и слично.

На натпреварувачкото место несмее да остане вишок прихрна од дозволената количина, нити во влажна, нити во сува состојба. Исто тоа важи и за вишокот мамки.

Просејување (преку големо или ситно сито) како и мешање прихрана (со рачен или електричен миксер) по проверка на прихраната е строго забрането.

Навлажнувањето на прихраната, откако ќе се провери, е дозволено само со употреба на прскалка која се користи и за освежување на мамки. Тоа е дозволено по четвртиот сигнал, обилна прихрана.

По проверката од страна на судиите прихраната и мамките може да се мешаат.

**Член 32**

Натпреварувачот е должен да ја покаже чуварката на судијата и да ја потопи во вода дури по проверката на храната и мамките. Чуварката треба да биде потопена во вода со што е можно поголем дел од својата должина за време на целиот натпревар. Истата мора да овозможи чување на рибата во жива состојба се до мерењето.

Забрането е користење на чуварка со крупни окца, каде што рибата сама ќе може да влегува во чуварката.

**Член 33**

По третиот сигнал забрането е на натпреварувачот доставување на прихрана, мамки, риболовен прибор и опрема и слично.

Дозволено е замена на риболовен прибор (риболовна трска или машинка), доколку истите се скршат или расипат, исклучиво со одобрение и присуство на судија.

**Четврти сигнал**

**Член 34**

Четвртиот сигнал означува почеток на обилно прихранување кое трае 10 минути. Четвртиот сигнал се дава 80 минути по првиот сигнал и 10 минути пред почетокот на ловење риба, а кај пријателските натпревари, кога подготовката е скратена, 50 минути по првиот сигнал и 10 минуто пред почетокот на ловење риба.

Обилното прихранување се врши исклучиво со хранилка при што, покрај трски наменети за feeder риболов, дозволени се и трски наменети за други техники како крапски трски. На системот несмее да има врзано јадица.

Забрането е хранење во неутралната зона или во соседното натпреварувачко место.

Забрането е обилно прихранување со ракета, ПВА мрежичка или кеса,чатал, со раце и слично. Забрането е користење на мини бротчина и други направи со далечинско управување кои би ја носеле прихраната на посакуваното место.

Забрането е употреба на маркер со кој би се обележило местото на хранење.

**Петти сигнал**

**Член 35**

Петтиот сигнал означува почеток на ловењето на риба и се дава 90 минути по првиот сигнал, а кај пријателските натпревари, кога подготовката е скратена, 60 минути по првиот сигнал. Ловењето риба трае 5 часа (600 минути).

Натпреварувачот лови на риболовната вода која е пред натпреварувачкото место, почитувајќи ги границите лево и десно кои го обележуваат.

Забрането е зафрлање и ловење во неутралната зона или во соседното натпреварувачко место.

**Член 36**

За време на ловењето, прихраната се врши исклучиво со хранилката која е монтирана на системот според пропишаните диминзии.

Хранилката мора слободно да се движи по најлонот, од стоперот па нагоре, и преку чворовите каде е врзан упредениот конец, при користење на шок лидер.

**Член 37**

При ловењето риболовната трска мора да биде потпрена на држач. Ударот на рибата исклучиво се прати преку врвот на риболовната трска.

Врвовите на резервните трски мора да бидат свртени спротивно од водата.

Забрането е употреба на електронски индикатори, механички сигнализатори како што се ѕвончиња, прстени, штипки и било какви други направи за таа намена.

**Член 38**

Уловот се важи и доколку рибата не е закачена за уста.

При вадењето, доколку рибата завлезе во неутралната зона или соседното натпреварувачко место, истата треба да се врати во сопственото натпреварувачко место и таму да се извади од вода. Ваквиот улов е валиден и се бодува.

Доклку при вадењето, рибата влезе во соседното натпреварувачко место и се заплетка со конецот од соседниот натпреварувач, таа риба нема да се бодува и по вадењето, се враќа во вода.

Доколку натпреварувачот рибата ја стави во чуварката, судијата тоа го евидентира, и при мерењето, најголемата риба му се одбива од уловот (не се мери), му се забележува тежината од останатиот улов и добива казна.

**Член 39**

На натпреварувачите, за време на натпреварот, од првиот до седмиот сигнал, не им е дозволена употреба на мини радио станици, мобилни телефони или други средства за комуникација.

**Член 40**

За време на натпревар капитенот на екипата може да пристапи во натпреварувачкото место на својот натпреварувач, подолго да се задржи во истото и да дава исклучиво усмени напатствија. Несмее да влегува во натпреварувачките места на натпреварувачи од други екипи.

Допирање или подесување на приборот, опремата, храната и мамките од страна на капитенот на екипата за време на натпреварот, (од третиот сигнал па се до мерењето на рибата, во зоната или патеката) е строго забрането.

Капитените на екипите можат да користат мини радио станици или мобилни телефони за комуникација со останатите членови од тимот (друг капитен, тренер и сл.) но мораат да ги исклучуваат при влегувањето на стартните места.

**Член 41**

Влегувањето на фотографи и камермани во натпреварувачкото место може да се дозволи со одобрение на судијата и натпреварувачот. Во неутралната зона помеѓу две натпреварувачки места, фотографи и камерман можат да влегуваат со одобрение на судијата и двата натпреварувачи.

**Член 42**

За време на ловењето и се до последниот, седми сигнал, на натпреварувачите им е забрането да влегуваат во вода.

**Член 43**

При вадењето на рибата од вода, натпреварувачот е должен внимателно да ја откачи од јадица и да ја чува во жива состојба се до нејзиното мерење.

Несмее намерно да ја убива рибата. Доколку при мерењето, судијата утврди дека има примероци на риба кои се мртви и намерно убиени, го казнува натпреварувачот.

**Шести сигнал**

**Член 44**

Шестиот сигнал се дава 5 минути пред завршувањето на ловењето риба и тој назначува дека натпреварот е при крај за да се извадат рибите кои евентуално се заморуваат.

**Седми сигнал**

**Член 45**

Седмиот сигнал означува завршување на ловењето на риба.

Натпреварувачот е должен веднаш да го извади од вода приборот со кој ловеше.

Дококу до почетокот на седмиот сигнал рибата, која е на јадица е надвор од вода, истата се бодува. Доколку рибата на јадица не е надвор од вода истата не се бодува.

**Член 46**

По седмиот сигнал натпреварувачот останува во своето натпреварувачко место и несмее да го напушта се додека не се измери рибата во неговата зона или на цела патека (доколку натпреварот е само во поединечна конкуренција).

Додека го очекува мерењето, го собира приборот и опремата, а рибата несмее да ја вади од вода се додека не биде повикан од страна на судиите.

**Член 47**

При седмиот сигнал, капитените ги напуштаат натпреварувачките места и никој нема повеќе право да влегува во натпреварувачкото место.

**Член 48**

По завршување на натпреварот, забрането е остатокот од прихрана и мамки да се фрла во водата.

Натпреварувачот е должен при напуштање на натпреварувачкото место, истото да го остави чисто, без отпадоци, во спротивно ќе му биде изречена казна.

**ПРИМЕР СААТНИЦА:**

**Саатница за редовни натпревари:**

- **До 07:00 –** Пристигнување на екипите и пополнување на пријави;
- **07:15 –** Извлекување на редослед, зони, стартни места;
- **08:00 – Прв сигнал** - пристап во натпреварувачко место;
- **08:25 – Втор сигнал** - 5 минути до почетокот на контролата на храната и мамките од страна на судиите;
- **08:30 – Трет сигнал** - почетокот на контролата на храната и мамките од страна на судиите;

- **09:20 – Четврт сигнал** - почеток на обилно прихранување;
- **09:30 – Петти сигнал** - почеток на ловењето на риба;
- **14:25 – Шести сигнал** - 5 минути до крајот на ловењето на риба и
- **14:30 – Седми сигнал** - крај на ловењето на риба (крај на натпреварот).

**Саатница за натпревари со скратена подготовка (пријателски и во организација на РЗК):**

- **До 07:00 –** Пристигнување на екипите и пополнување на пријави;
- **07:15 –** Извлекување на редослед, зони, стартни места;
- **08:00 – Прв сигнал** - пристап во натпреварувачко место;
- **08:10 – Втор сигнал** - 5 минути до почетокот на контролата на храната и мамките од страна на судиите;
- **08:15 – Трет сигнал** - почетокот на контролата на храната и мамките од страна на судиите;
- **08:50– Четврт сигнал** - почеток на обилно прихранување;
- **09:00 – Петти сигнал** - почеток на ловењето на риба;
- **13:55 – Шести сигнал** - 5 минути до крајот на ловењето на риба и
- **14:00 – Седми сигнал** - крај на ловењето на риба (крај на натпреварот).

**Вагање на уловената риба**

**Член 49**

Вагањето на рибата го вршат: зонскиот судија со главниот судија, а секретарот го евидентира уловот.

На вагањето обавезно присуствуваат натпреварувачот и капитенот на екипата.

На вагањето присуствуваат и капитените од другите екипи и публика, кои несмеат да влегуваат во натпреварувачките места.

**Член 50**

За правилна работа при вагањето, потребно е употреба на троножец за бесење на вагата, електронска вага и сад од мрежа за мерење на рибите. Садот треба да биде од таков матерјал и облик, при ставање на рибата во истиот, водата да може слободно да се исцеди.

**Член 51**

Вагатата се поставува во меѓузона помеѓу два натпреварувачи, на крајната граница од натпреварувачките места, така да судиите и натпреварувачите остануваат во натпреварувачките места, а капитените и останатата публика надвор од истите.

**Член 52**

По мерењето на рибата, судијата гласно го соопштува резултатот, секретарот го евидентира резултатот во дневникот, натпреварувачот ако нема забелешки го потпишува дневникот, измерената риба се враќа во чуварката на натпреварувачот и се враќа во вода.

Рибата се чува во чуварката се додека не се измери уловот на сите натпреварувачи во зоната (односно на целата патека, кога натпреварот е во поединечна конкуренција) и доколку нема забелешки на уловот, истовремено, на знак на судијата, се враќа во вода.

Задржување на рибата по дадениот сигнал за враќање, се казнува.

***ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ***

**Член 53**

Оценувањето на резултатите се изразува во поени, еден грам уловена риба значи еден поен. „Пласман“ преставува пласманот на натпреварувачот во својата зона (зонски пласмани) или севкупно на целата патека (доколку се работи за натпревари во поединечна конкуренција).

Пласманот на натпреварувачите им се одредува според тежината на уловената риба, од поголемата кон помалата, со добивање на пласман од 1, 2, 3, до X, а на екипите според освоениот збир на пласмани на нејзините натпреварувачи од сите зони.

***ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:***

**А. Поединечна класификација:**

**Член 54**

### *1.1. Натпревари во поединечна конкуренција во еден натпреварувачки ден:*

Кај натпревари кои се одржуваат само во поединечна конкуренција во еден ден, победник е натпреварувачот со најголема уловена тежина на патеката, а пласманот понатаму се одредува според тежината на уловената риба од поголемата кон помалата.

Доколку двајца или повеќе натпреварувачи имаат иста уловена тежина, го делат соодветното место. Доколку се работи за поделба на првите три места, за кои се предвидени признанија и награди, предност ќе има натпреварувачот со поголем стартен број.

### *1.2. Натпревари само во поединечна конкуренција, а се одржуваат во две или повеќе кола:*

Кај натпревари кои се одржуваат во две или повеќе кола, а се бодуваат само во поединечна конкуренција, за секое коло одделно се пресметуваат резултати согласно точка **1.1.** став **1** од овој член.

Доколку двајца или повеќе натпреварувачи имаат иста уловена тежина добиваат пласмани еднакви на просекот на нивните недоделени места. (**Пример:** Двајца натпреварувачи имаат иста уловена тежина и го завземаат четвртото и петтото место, двајцата натпреварувачи добиваат по (4+5):2 =4,5 пласмани. Тројца натпреварувачи имаат уловена иста тежина и го завземаат третото, четвртото и петтото место, тројцата натпреварувачи добиваат по (3+4+5):3=4 пласмани.)

Натпреварувачи без уловена риба ќе добијат број на пласмани еднаков на просекот на недоделените места во таа зона. (**Пример-1:** од 15 натпреварувачи 9 уловиле риба и добиле свои пласмани од 1 до 9 место, на останатите натпреварувачи кои се без уловена риба им се забележува просекот на недоделените места до крај, од 10 до 15 место (10+15):2=12,5 пласмани**. Пример-2:** од 24 натпреварувачи 12 се пласирани, на останатите натпреварувачи кои се без уловена риба им се забележуваат (13+24): 2=18,5 пласмани.)

Во случај да само еден натпреварувач нема улов на риба во зона, ќе му се забележи број на пласмани еднаков на вкупниот број на натпреварувачи во истата. (**Пример:** од 20 натпреварувачи , 19 уловиле риба. Натпреварувачот без уловена риба ќе добие 20 пласмани).

По составување на комплетната ранг листа за тоа коло, пласманите се претвараат во бодови.

Првопласираниот напреварувач во прво коло (со најголема уловена тежина на цела патека) добива бодови еднакви на бројот на натпреварувачи учесници на натпреварот а последниот само еден бод. (**Пример 1:** учествуваат 30 натпреварувачи, првопласираниот добива 30 бода, петтиот добива 26 бода, дваесетиот добива 11 бода и тн. **Пример 2:** Доколку двајца натпреварувачи имаат иста уловена тежина, и го делат 5 и 6 место добиваат по 5,5 пласмани односно 25,5 бодови).

Во преостанатите кола, без оглед на бројот на натпреварувачи кои ќе го продолжат натпреварувањето, првопласираниот натпреварувач добива 30 бодови и понатаму како што следи.

На крајот од натпреварите победник е натпреварувачот со најголем збир на бодови од сите кола, а понатамошниот пласман се одредува од поголемиот кон помалиот збир на бодови.

Доколку на крајот на сите одржани кола има исти збир на бодови помеѓу два и повеќе натпреварувачи, подобар пласман ќе има натпреварувач со поголема уловена тежина вкупно од сите кола.

Во случај на иста уловена тежина од сите кола подобар пласман ќе има натпреварувач со најголема индивидуална уловена тежина во било кое коло.

Во случај и на ваква еднаквост, предност ќе има натпреварувачот со поголем стартен број во последното коло.

### *1.3. Натпревари во поединечна и во екипна конкуренција, а се одржуваат во еден ден:*

За натпревари кои се одржуваат во еден ден, а се бодуваат и во поедеинечна и во екипна конкуренција, пласманот се одредува за секоја зона посебно, според тежината на уловената риба од поголемата кон помалата, со добивање на пласмани од 1, 2, 3 до X.

Победник е натпреварувачот со најголема уловена тежина на целата патека, а натамошниот пласман се одредува според пласманите по зоните. Првопласираните

натпреварувачи во своите зони, зависно од уловената тежина, ги завземаат првите места, потоа се рангираат второпласираните по зони и т.н. (**Пример 1:** На натпреварот учествуват 10 екипи со по 3 натпреварувачи, поделени во 3 зони. Првопласираните во зоните, према индивидуалната тежина, од поголема кон помала, го завземаат 1, 2 и 3 место поединечно. Второпласираните во зона, према индивидуалната тежина, го завземаат 4, 5 и 6 место, третопласитаните го завземаат 7, 8 и 9 место и така понатаму).

Доколку двајца или повеќе натпреварувачи од иста зона имаат иста уловена тежина добиваат поени еднакви на просекот на нивните недоделени места (иста како во точка **1.2.** став **2, 3 и 4**, од овој член).

Доколку на исто место се пласирани натпреварувачи во две или повеќе зони, а имаат иста уловена тежина, за пресметување на резултатите во екипна и поединечна конкуренција, добиваат бодови еднакви на просекот на нивните недоделени места.

Само на Куп натпревари во организација на РЗК, и само во поединечна конкуренција, во случај кога еден или повеќе натпреварувачи се пласирани на првото место во зоната (имаат иста уловена тежина), предност ќе има натпреварувачот со поголем стартен број.

***1.4. Натпревари кои се бодуваат и во поединечна и во екипна категорија, а се одржуваат во два натпреварувачки дена:***

Кај натпревари во два натпреварувачки дена резултатите за секој ден посебно се пресметуваат согласно точка **1**.**3,** ставовите **1** и **3** од овој член.

Победник е натпреварувачот со најмал збир на пласмани од двата дена, а понатамошниот пласман се одредува од помалиот кон поголемиот збир на пласмани.

Доколку има исти збир на пласмани помеѓу двајца или повеќе натпреварувачи, подобар пласман ќе има натпреварувач со поголема уловена тежина вкупно од двата дена.

Во случај на исти збир на пласмани и иста вкупна уловена тежина од двата дена, подобар пласман ќе има натпреварувач со најголема индивидуална уловена тежина во било кој од двата дена.

Во случај и на ваква еднаквост, предност ќе има натпреварувачот со поголем стартен број во вториот натпреварувачки ден.

## Б. ЕКИПНА КЛАСИФИКАЦИЈА

### Член 55

***2.1. Натпревари кои се бодуваат во поединечна и во екипна конкуренција а се одржуваат во еден ден :***

Кај екипни натпревари, кои се одржуваат во еден ден, победник е екипа која има најмал збир на пласмани на своите натпреварувачи. Натамошниот пласман се одредува според збирот на пласмани од помалиот кон поголемиот збир.

Доколку две или повеќе екипи имаат ист збир на пласмани, подобар пласман ќе има екипа со поголема вкупна уловена тежина.

Доколку и уловената тежина е иста, подобар пласман ќе има екипа чиј натпреварувач има најголема индивидуална тежина во било која зона.

Во случај и на таква еднаквост подобриот пласман се одредува со жрепка.

***2.2. Натпревари кои се бодуваат и во поединечна и во екипна конкуренција, а се одржуваат во два натпреварувачки дена:***

Кај екипни натпревари што се одржуваат во два дена, победник е екипа која има најмал збир пласмани на своите натпреварувачи од двата дена. Натамошниот пласман се одредува според збирот на пласманите од помалиот кон поголемиот.

Доколку две или повеќе екипи имаат ист збир на пласмани, подобар пласман ќе има екипа со поголема вкупна уловена тежина.

Доколку и уловената тежина е иста, подобар пласман ќе има екипа со најголема индивидуална уловена тежина во било кој од двата натпреварувачки дена.

Во случај и на ваква еднаквост пласманот се одредува со жрепка.

***2.3. Натпревари кои се бодуваат и во поединечна и во екипна конкуренција, а се одржуваат во повеќе кола:***

Ранг листата на екипите, за секое коло посебно, се прави согласно одредбите на точка **2.1.** од овој член.

По составување на комплетната ранг листа во екипна конкуренција за тоа коло, пласманите се претвараат во **бодови**. Првопласираната екипа добива бодови еднакви на бројот на екипи учесници кои го започнале натпреварувањето, а останатите екипи последователно по еден бод помалку. (**Пример:** натпреварувањето го започнале 10 екипи, првата добива 10 бода, петтата добива 6 бода, и тн.)

Кај лига натпреварите, најдобар пласман ќе има екипа со најголем број на освоени бодови од сите одржани кола, а понатамошниот пласман се одредува од поголемиот кон помалиот збир на бодови.

Во случај на исти збир на бодови, подобар пласман ќе има екипа со поголема уловена тежина вкупно од сите одржани кола.

Доколку и уловената тежина е иста, подобар пласман ќе има екипа чиј натпреварувач има најголема индивидуална тежина во било кое коло.

Во случај и на ваква еднаквост подобар пласман ке има екипа одредена со жрепка.

## ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРЕМЕ И ПРЕКИН НА НАТПРЕВАРОТ

### Член 56

Во случај на невреме или други неповолени услови за натпревар, пред почетокот на натпреварот, истиот може да се одложи најмногу до 2 часа.

Доколку за овој период се создадат услови, саатницата на истиот се поместува за времетраење на прекинот.

Доколку не се создадат услови за одржување на натпреварот по истекот на 2 часа, истиот се прекинува и не се организира повторно, освен во случај кога се работи за последно коло во систем на лига натпреварување.

### Член 57

Во случај на изненаден прекин (силен дожд или грмотевици), во текот на натпреварот, истиот може да се прекине максимално 2 пати, но вкупното време на прекинот несмее да надмине 2 часа.

По звучниот сигнал (два долги сигнали) сите натпреварувачи, ги вадат системите од вода, ги одлагаат трските на земја и се одалечуваат од натпреварувачкото место, барајќи засолниште.

Во случај да времето не се смири, натпреварот завршува.

Доколку и покрај прекините, се спровеле минимум два часа од натпреварот, истиот се смета валиден и се пресметуваат дотогаш постигнатите резултати.

Во спротивно истиот не се бодува во конечниот пласман.

Времето на прекинот не се надоместува, поточно натпреварот завршува по утврдената саатнина.

### Член 58

Прекин на натпреварот се означува со два долги звучни сигнали едно по друго.

Крајот на прекинот се означува со два долги звучни сигнали, после кои натпреварувачите се упатуваат на натпреварувачките места. По 5 минути од двата сигнали, следуваат два нови сигнали кои означуваат дека може да се започне со ловењето.

## УЧЕСНИЦИ НА НАТПРЕВАРОТ

### Член 59

Учесници на натпреварот се натпреварувачите, капитените (или тренерите), судиите, делегатот (доколку го има) и службените лица на организаторот (претседател, генерален секретар, членови на натпреварувачка комисија и други).

## ЛИЦА КОИ ГО СПРОВЕДУВААТ НАТПРЕВАРОТ

### Член 60

Лица кои го спроведуваат натпреварот се:

1. Делегат на натпреварот (доколку го има),
2. Главен судија,
3. Секретар на натпреварот и
4. Зонски судија (доколку натпреварот се спроведува во повеќе зони-сектори).

**Член 61**

Судиите за натпреварите во организација на МРФ ги именува судиската комисија.

Судиите за натпревари во организација на РЗК ги именува судиската комисија при МРФ на поднесено барање на организаторот на натпреварот.

На натпревари во поединечна конкуренција, кога учествуваат помалку од 20 натпреварувачи, се одредува само главен судија и секретар. Кога на натпреварот учествуваат подеќе од 20 натпреварувачи, на секои 10 натпреварувачи се одредува по еден зонски судија.

На натпреварите во поединечна и екипна конкуренција, се одредуваат: главен судија, секретар и по еден судија за секоја зона. Доколку во зоната има повеќе од 10 натпреварувачи, зоната се дели на две подзони се одредуваат двајца зонски судии.

**Член 62**

Обврските на службените лица на натпреварот се пропишани во Правилникот за организање натпревари во спортски риболов во Р. Македонија.

## КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 63**

За прекршување на овие правила и други прописи за време на натпревар, на натпреварувач или капитен на екипата, може да им се изрече казнена мерка и тоа доделување на жолт или црвен картон.

## ЖОЛТ КАРТОН

**Член 64**

***Жолт картон на натпреварувач,*** судијата доделува доколку не ги почитува одредбите од овие Правила со кои не се нанасува поголема штерта на одржувањето на натпреварот како и на конечните резултати, а особено за:

1. Користи несоодветна чуварка (член 11, точка 8);
2. Касни во пополнување на пријавата за натпреварот (член 21, став 2);
3. Го подготвува риболовниот прибор и опремата пред пристапот во натпреварувалкото место, пред првиот сигнал (член 23, став 3);
4. Прави бука или галама со што ќе им смета на соседните натпреварувачи (член 26, став 1);
5. Влегува, лови, или прихранува во неутралната зона помеѓу натпреварувачките места (член 26, став 2);
6. Влегува во вода за време на подготовката или ловењето риба (член 26, став 3 и член 42);
7. Користи поголема платформа од дозволеното или ја поставил неправилно (член 28);
8. Врши сондрање на дното со хранилка или со друг недозволен прибор (член 29, став 2);
9. Прихраната и мамките не се представени во садови кои се обележени за големината на волуменот што го собираат, од страна на производителот (член 30, став 3);
10. Прихраната и мамките се измешани пред контролата од страна на судиите (член 30, став 4);
11. Врши просејување или влажнење на прихраната по контролата од страна на судиите (член 31, став 6 и 7);
12. Користи чуварка со крупни окца (член 32, став 2);
13. Врши обилна прихрана со монтирана јадица на системот или прихранува во неутралната зона или натпреварувачкото место на соседниот натпреварувач (член 34, став 2 и 3);
14. Зафрла и лови во неутралната зона или во соседното натпреварувачко место (член 35, став 3);
15. Користи друг начин на прихранување освен хранилката на системот или хранилката не се движи слободно по конецот (член 36);
16. Доколку неправилно уловената риба ја стави во чуварката (член 38, став 4);
17. Користи радио станици, мобилни телефони или други средства за комуникација (член 39 став 1);

18. Пуши цигари за време на ловењето риба (член 39 став 2);
19. Доколку при мерењето, судијата утврди дека има примероци на риба кои се мртви и намерно убиени, повеќе од 10% - жолт картон (член 43, став 2);
20. И по седмиот сигнал продолжи да лови риба (член 45, став 2);
21. Го напушта натпреварувачкото место по седмиот сигнал, а рибата не е измерена во неговата зона (член 46, став 1);
22. Ја вади рибата од вода пред да биде повикан од судиите, ја претура во други садови и слично (член 46, став 2);
23. Остатокот од прихрана и мамки го фрла во водата по завршетокот на натпреварот (член 48, став 1);
24. Оставени се отпадоци на натпреварувачкото место по напуштање на истото (член 48, став 2);
25. Ја задржува рибата во чуварката по дадениот сигнал за враќање во вода (член 52, став 3);

**Жолт картон на капитен на екипа,** судијата доделува доколку не ги почитува одредбите од овие Правила со кои не се нанасува поголема штерта на одржувањето на натпреварот како и на конечните резултати, а особено за:

1. Касни во пополнување на пријавата за екипата за натпреварот (член 21, став 2);
2. Влегува во натпреварувачките места на натпреварувачи од други екипи (член 40, став 1);
3. Влегува во натпреварувачкото место по седмиот сигнал (член 47);

Жолтиот картон доделен на натпреварувачот означува укор и повлекува намалување на вкупната уловена тежина за 10%.

Жолтиот картон доделен на капитенот на екипата повлекува зголемување на вкупниот број на пласмани што ги освоила екипата за 1 (еден).

## ЦРВЕН КАРТОН

### Член 65

**Црвен картон на натпреварувач,** судијата доделува доколку не ги почитува одредбите од овие Правила со кои се нанасува поголема штета на одржувањето на натпреварот како и на конечните резултати, а особено за:

1. Користи подолга риболова трска од дозволеното (член 11, точка 1);
2. Користи недозволен конец или „шок ледерот“ е подолг од дозволеното (член 11, точка 2);
3. Користи хранилка која е забранета (член 11, точка 5);
4. Користи неправилна јадица (член 11, точка 6);
5. Користи неправилно монтиран систем (член 11, точка 7);
6. Вкупната количина за прихрана ја надминува дозволена количина (за повеќе од 10%) или користи недозволени средства во прихраната (член 12 и член 31, став 5);
7. Вкупната количина на мамки и адитиви ја надминува дозволена количина (за повеќе од 10%) или користи недозволени мамки (член 13, член 30, став 6, член 31, став 5);
8. Мамката не ја закачува на јадицата или истата ја лепи околу јадицата (член 14, став 1 и 2);
9. Силно ја повлекува јадицата низ вода, со цел присилно да ја закачи рибата (член 14, став 3);
10. Пред, или за време на натпреварот, користи алкохол или други опојни средства (член 17, став 1);
11. На груб и навредлив начин се однесува или обраќа кон судиите, делегатот, претставниците на организаторот, домаќинот, останатите учесници на натпреварот или публиката (член 18, став 2);
12. Го мие во вода приборот во кој е подготвувана прихраната (член 27, став 2);
13. Прима прихрана, мамки, риболовен прибор и опрема и слично по третиот сигнал (член 33, став 1);
14. Користи недозволен прибор за обилна прихрана или го обележил местото каде прихранува со маркер (член 34, став 4 и 5);
15. Користи електронски индикатори, механички сигнализатори и слични недозволењни направи (член 37, став 3);
16. Доколку при мерењето, судијата утврди дека има примероци на риба кои се мртви и намерно убиени повеќе од 50% (член 43, став 2);

17. Доколку направи прекршок од **Член 64** а веќе има добиено жолт картон.

**Црвен картон на капитен на екипа,** судијата доделува доколку не ги почитува одредбите од овие Правила со кои се нанасува поголема штета на одржувањето на натпреварот како и на конечните резултати, а особено за:

1. Пред, или за време на натпреварот, користи алкохол или други опојни средства (член 17, став 1);
2. На груб и навредлив начин се однесува или обраќа кон судиите, делегатот, претставниците на организаторот, домаќинот, останатите учесници на натпреварот или публиката (член 18, став 2);
3. Го подготвува риболовниот прибор или опремата на натпреварувачот (член 24, став 1);
4. Го допира или подесува приборот, опремата, храната и мамките, за време на натпреварот (член 40, став 2);
5. Доколку направи прекршок од **Член 64** а веќе има добиено жолт картон.

Црвениот картон означува исклучување на натпреварувачот или капитенот на екипата од натамошниот тек на натпреварот (дисквалификација).

Дисквалификуваниот натпреварувач за тековниот натпревар добива пласмани еднакви на бројот на екипите учеснички +1 (еден), без право на пласман во поединечна категорија. (**Пример:** доколку на натпреварот учествуваат 10 екипи дисквалификуваниот натпреварувач за екипа добива 10+1=11 пласмани).

На екипата на дисквалификуваниот капитен за тековниот натпревар и се додаваат +5 пласмани на освоените (**Пример:** доколку неговата екипа освоила 25 пласмани, поради црвениот картон на водачот ќе им се запишат 25+5=30 пласмани).

**Член 66**

Доделување на жолт картон врши зонски или главен судија, а црвен картон исклучиво главниот судија, за што се известуваат жири комисијата и секретарот на натпреварот.

Главниот судија е дожен да поведе дисциплинска постапка против натпреварувачот или капитенот, кои добиле црвен картон, со поднесување пријава до Дисциплинската комисија на МРФ.

Посебен приговор за изречената мерка за време на натпреварот не е дозволен.

Приговор може да се поднесе само по одлука за изречена мерка во постапка што ја води Дисциплинската комисија на МРФ.

## ПРАВО НА ПРИГОВОР

**Член 67**

Приговори во врска со натпреварот се поднесуваат писмено до главниот судија најдоцна 30 минути по завршување на истиот, по седмиот сигнал.

По приговорите одлучува жири комисијата чија одлука е конечна.

Приговор може да поднесе само капитен на екипа, како и натпреварувачи кои се наоѓале во двете соседни натпреварувачки места (лево и десно) од натпреварувачот на кој се однесува приговорот.

Во однос на пласманот приговори се поднесуваат писмено до МРФ најдоцна 5 дена по објавувањето на резултатите (по завршувањето на натпреварот).

По ваквиот приговор одлука донесува судиската комисија при МРФ и нејзината одлука е конечна.

При поднесување на приговорот во писмена форма, се депонираат 1.000 денари кај главниот судија (или се врши уплата на сметка на МРФ). Доклку приговорот биде прифатен, парите се враќаат на подносителот а доколку не биде прифатен, парите се уплаќаа на сметката на МРФ.

## ЖИРИ КОМИСИЈА

**Член 68**

Жири комисијата се формира за секој натпревар одделно, на состанокот на судиите со капитените (или натпреварувачите во поединечна конкуренција) и се состои од 5 члена.

Во жири комисијата влегуваат делегатот (доколку го има), главниот судија, секретарот и 2 членови од редот на капитените или натпреварувачите.

Доколку на натпреварот не присуствува делегат, еден член на комисијата се избира од редот на зонските судии, судијата во зона „А“.

Преставниците од редот на капитените и натпреварувачите се одредуваат со жрепка.

Доколку натпреварот е во поединечна конкуренција, жири комисијата е составена од 4 члена, главниот судија, секретарот и два натпреварувачи. Доколку при гласањето, гласовите бидат изедначени, одлучува гласот на главниот судија.

**Член 69**

Членовите на жири комисијата се должни да останат на местото на одржувањето на натпреварот 30 минути по завршувањето на истиот (се до истекот на рокот предвиден за поднесување на приговори).

**Член 70**

Жири комисијата одлучува по приговорите поднесени во врска со натпреварот, и тоа полноправно доколку се присутни повеќе од 1/2 од нејзините членови.

Одлуката на жири комисијата се соопштува веднаш.

Право на жалба на одлуката на Жири комисијата се поднесува до Натпреварувачката комисија на МРФ, во рок од 5 дена по завршување на натпреварот, со уплата на 3.000 денари на сметката на МРФ.

За работата на жири комисијата и нејзините одлуки се води записник.

**Член 71**

На натпревари се води следна документација:

1. Пријава за учество на натпреварот;
2. Зонски натпреваруваки дневник за резултати по зони и
3. Збирен натпреварувачки дневник, за конечните резултати, поединечни и екипни;

Збирниот напреварувачки дневник се чуваат трајно.

**Претседател на УО на МРФ**